## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5659 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 10 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Седмиот десетдневен период, од 1 до 10 ноември 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, опфати десет изданија на Дневникот на ТВ Телма од 18 часот и 30 минути, со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 4 часа 8 минути и 16 секунди прилози со информативни жанрови.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Телма | Траење | Процент |
|---|---|---|
| СДСМ | 00:15:04 | 6,07 % |
| Судство | 00:15:54 | 6,40 % |
| Специјално обвинителство | 00:02:58 | 1,19 % |
| Експерти/аналитичари | 00:21:56 | 8,83 % |
| Влада на РМ | 00:22:36 | 9,10 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:17:53 | 7,20 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:08:20 | 3,36 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:06:50 | 2,75 % |
| Локална самоуправа | 00:05:58 | 2,40 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:27:16 | 10,98 % |
| Јавно обвинителство | 00:03:56 | 1,58 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:17:50 | 7,18 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:32 | 1,02 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:23 | 2,57 % |
| Граѓански сектор | 00:14:52 | 5,99 % |
| Други субјекти | 00:32:08 | 12,94 % |
| Без субјекти | 00:08:59 | 3,62 % |
| ДИК и други органи | 00:02:20 | 0,94 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:02:40 | 1,07 % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:56 | 0,38 % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:01:39 | 0,66 % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:56 | 0,38 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:37 | 0,25 % |
| Левица | 00:01:08 | 0,46 % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:00:21 | 0,14 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:42 | 0,28 % |
| Шарена револуција | 00:00:42 | 0,28 % |
| Демократски сојуз | 00:01:29 | 0,60 % |
| Либерална партија | 00:00:58 | 0,39 % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:37 | 0,25 % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:00:37 | 0,25 % |
| ОПЕР - Обединета партија за еманципација на Ромите | 00:00:37 | 0,25 % |
| ФРОДЕМ | 00:00:16 | 0,11 % |
| ДЕМОС | 00:00:16 | 0,11 % |
| | **Вкупно: 04:08:16** | **100** % |

Во овој извештаен период, најмногу време во Дневникот во 18 часот и 30 минути е одвоено за методолошките категории *„Други субјекти“* (32 минути и 8 секунди), *„амбасадори/меѓународни организации/странски политичари“* (27 минути и 16 секунди), *„Влада на РМ“* (22 минути и 36 секунди) и *„експерти/аналитичари“* (21 минута и 56 секунди).

Во категоријата *„Други субјекти“* се кодирани изјавите и активностите на: ЗАМП; Елена Гагиќ, Меркур Трејд; Климе Поповски, директор на Агенцијата за супервизија на осигурувањето; Благоја Поповски,

адвокат; Солза Грчева, професор; Славко Стојчевски, технички директор на Југохром; Семејството Панчевски; Никола Додевски, адвокат; Оливера Доцевска, адвокатка; Алкалоид; Јасмина Махмуд, затвореничка во Идризово; Шоферот и сопатничката на дополнителниот заменик министер за труд и социјална политика Диме Спасов; Битолскиот муфтија; Митко Ристевски, домаќин во Манастирот Св. Ѓорѓи во Курбиново; Совет на родители; Даниела Арсовска, Сојуз на стопанските комори во Македонија; Институт за животна средина при Универзитетот на Југоисточна Европа; Ратко Давидовски, специјалист по хигиена и здравствена екологија; Ферид Мухиќ, универзитетски професор, филозоф и публицист; Манолис Малелис, поранешен раководител на ОКТА; Нано Ружин, ректор на ФОН; Борче Стојанов и Туше Гошев, адвокати; Мите Кадиев, сопруг на починатата родилка Маја Кадиева; Вулнет Палоши, автор и др.

Групата Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари е застапена со 27 минути и 16 секунди, од кои поголема минутажа (9 минути и 40 секунди) е одвоена за интервјуто со германскиот европратеник Кнуф Флекештајн. Останатите активности се на: ММФ; Тана Де Зулиета, ОДИХР; Светска Банка; Самуел Жбогар, амбасадор на ЕУ во Македонија; Јоханес Хан, еврокомесар; УНХЦР; Тања Фајин, европратеничка; Британскиот амбасадор во Македонија Чарлс Гарет; Френк Хантке од фондацијата „Friedrich Ebert“; Американскиот амбасадор во Македонија Џес Бејли; ЕК и др.

Владата е субјект во следниве теми: Министерот за образование и наука Пиштар Љутвиу го брани претходникот Абдулаќим Адеми; Министерството за култура ја укина забраната на ЗАМП; Со одлука на Владата се гасат печките на Југохром заради загадувањето, изјава на Башким Амети, министер за животна средина и просторно планирање; Изјава на дополнителниот заменик министер за труд и социјална политика Диме Спасов во врска со трите прекршочни пријави кои му ги поднесе МВР; Исплатени една четвртина од парите од буџетот предвидени за поплавените; Соопштение од Министерството за финансии за предизборните буџетски трошења; Дополнителниот заменик министер за внатрешни работи Оливер Андонов бара оставка од министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски; Изјава на министерот за здравство Никола Тодоров во врска со протестот на лекарите; Ново задолжување од 12,2 милиони евра; Изјава на премиерот Емил Димитриев по повод извештајот за напредокот на Македонија од страна на ЕК; Повторно доцнат уплатите кон пензиските фондови, изјава на Јорданка Николовска од Министерството за труд и социјална политика; Реакција на Министерството за образование во врска со протестот на учениците во основното училиште во Тетово; Изјава на директорот на Бирото за јавна безбедност: „Спречен терористички напад“ и др.

Изјави на категоријата *„Експерти/аналитичари“* се вклучени во голем број прилози, посебно во оние што ги третираат актуелните теми. Во овој извештаен период во рамки на вестите се емитувани изјави на повеќе универзитетски професори: Ванчо Узунов, Томе Неновски, Вељанд Рамадани, Драган Гоцевски; Наташа Габер Дамјановска; Игор Ивановски; Владимир Филиповски; Никола Поповски, потоа на Маргарита Цаца Николовска, поранешна судијка во Европскиот суд за човекови права во Стразбур; Јордан Митриновски, поранешен судија и претседател на Апелациониот суд; Љубе Трпевски, поранешен гувернер на НБРМ; Сашо Клековски, аналитичар; Мерсел Биљаљи, аналитичар; Петар Арсовски, аналитичар; Александар Колекески, МЦЕО и др.

Категоријата Органи на државната управа/јавни претпријатија е застапена со 17 минути и 53 секунди, преку активностите на: АВРМ; Државната комисија за спречување на корупција; Инфективна клиника; ЕЛЕМ; КПД Идризово; Агенција за заштита на личните податоци; ЈП улица и патишта; ГОБ „8-ми Септември“; НУ завод и Музеј-Битола; Центар за јавно здравје; Управа за хидрометеролошки работи; ПИОМ и др.

Со време од 15 минути и 54 секунди во овој извештаен период се појавува категоријата Судство преку прилозите поврзани со: рочиштето за „Пуч“; вестите и извештаите за кривична пријава на судијата Иван Џолев против судијата Владимир Панчевски, како и официјалното соопштение на претседателот на судскиот совет Зоран Караџовски во врска со овој случај; распитот на поранешниот директор на УБК Сашо Мијалков во судот; реакцијата на основниот суд Скопје 1 по негодувањето за долгите рокови за издавање уверенија за неосудуваност, одбиената иницијатива од страна на Уставниот суд за испитување на уставноста на Ад хок телото и фантомските гласачи, стартот на судењето за смртта на родилката Маја Кадиева и др.

За *„Граѓанскиот сектор"* се одвоени 14 минути и 52 секунди, а во категоријата се опфатени пренесените соопштенија или пак директните обраќања на: Нелко Нелковски, Македонски центар за култура и развој – Кодекс за избори; Организацијата на потрошувачи; Александра Бујаровска, Фронт 21/42; Аријант Џафери, Здружение Еко Герила; Марина Митрова и Миро Митрески од Движењето на екологисти на Македонија; „Мерлин" – Мониторинг и евалуација на улогата на правото во западен Балкан; Малинка Ристевска Јорданова, организатор на меѓународната конференција во име на Европскиот фонд за Балканот; Институт за европска политика Скопје; Сојузот на синдикати; Љубиша Станковиќ од Синдикатот на новинарите; Насер Селмани, ЗНМ; Сојузот на пензионерите и др.

Од политичките партии најмногу време е одвоено за ВМРО ДПМНЕ (17 минути и 50 секунди) и за СДСМ (15 минути и 4 секунди). Покрај нив во вестите има информации за уште 17 политички субјекти (ДПА, ДУИ, Коалиција за промени и правда, ВМРО НП, ОМ, ППД, Коалиција ВМРО за Македонија, Левица, Демократска партија на Турците на Македонија, ДОМ, ДС, ЛП, Сојуз на Ромите од Македонија, ПЦЕР, ОПЕР, ФРОДЕМ и ДЕМОС), присутни преку прес-конференции, изјави, соопштенија или реакции.

Редовно во овие вести се присутни и најави за дневните изданија на актуелно-информативната програма „ТОП ТЕМА", кои не се дел од времето прикажано во Табела 1.

Во повеќето прилози, медиумот настојува да обезбеди различни гледишта и мислења.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Телма | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 00:05:17 | 6,69 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:02 | 15,24 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:58 | 3,76 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:02:19 | 2,93 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:33 | 0,70 | % |
| Влада на РМ | 00:05:31 | 6,99 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:31 | 6,99 | % |
| Други субјекти | 00:11:23 | 14,42 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:36 | 18,49 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:16 | 1,60 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:29 | 4,41 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:27 | 8,17 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:29 | 0,61 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:15 | 0,32 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:32 | 0,68 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:25 | 1,79 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:27 | 0,57 | % |
| Левица | 00:00:25 | 0,53 | % |
| Судство | 00:00:42 | 0,89 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:26 | 0,55 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:25 | 0,53 | % |
| Шарена револуција | 00:00:06 | 0,13 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:41 | 2,13 | % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:00:42 | 0,89 | % |
| | **Вкупно: 01:18:57** | **100** | % |

Временски најмногу директни обраќања им се дадени на категориите *„амбасадори/меѓународни организации/странски политичари"*, *„експерти/аналитичари"* и *„други субјекти"*.

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

Во извештајниот период се емитувани 6 премиерни изданија (од кои 3 како дебати и 3 како интервјуа) и неколку реприզи на актуелно-информативната програма „ТОП ТЕМА", како и едно репризно издание на емисијата „КОД – Клуч на вистината" со Снежана Лупевска.

**ТОП ТЕМА**

На 1 ноември 2016 година, во репризното издание на „ТОП ТЕМА" со водителот Александар Чомовски беше реализирано интервју со Љубчо Георгиевски, претседател на ВМРО Народна партија. Се разговараше за: „Љубчо Георгиевски се доближува до партијата што ја основал"; „Каква понуда добил од актуелниот лидер на ВМРО ДПМНЕ"; „Дали Груевски бара заштитник по неговото повлекување"; „Како ќе се премостат коалициските разлики за името, криминалот, СЈО"; „Можно ли е Георгиевски да биде премиер за амнестија и помирување на СДСМ и ВМРО ДПМНЕ"; „Што ги поврзува Груевски и Георгиевски со ОКТА и Кондоминас"; „Судот во Париз ја задолжи Македонија да плати оштета на Грците од над 70 милиони долари, зошто Груевски го сокрил потписот за оваа штета".

На 1 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 18 минути, се емитуваше премиерно издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА" со водителот Боби Христов. Гости беа: Павле Трајанов, Демократски сојуз и Звонко Давидовиќ, адвокат. Темата беше: 41 ден до вонредните парламентарни избори, а на политичката арена се поприсутен различен политички фолклор кој што го одбележува предизборието; Ново одлагање на случајот Пуч – правни проблеми или административно политички инструкции; Договорите за предизборни коалиции земаат замав, договори за програми или пазар за функции?; Дали дел од десничарите се враќаат во прегратката на Груевски?; Дали фронтот на Заев е со лимитиран дострел?; Што ќе донесат предизборните прегрупирања? Репризата беше на 2 ноември 2016 година.

На 2 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 18 минути, се емитуваше премиерното издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА" со водителот Александар Чомовски. На најавната шпица од оваа емисија, темите беа претставени преку следниве прашања: „Имаат општина, уставен статус на народ, учат и на својот мајчин јазик, зошто се сиромашни, немаат канализација, полицијата ги враќа од авион, беа азиланти за екстра профит на ромската и балканска мафија, зад оваа идилична и европска слика за Ромите во Македонија партиите ги третираат како гласачка машина, Амди Бајрам се согласува да ги влечат циганите за уши како што ечи гласот на Јанкуловска, дали завршува ерата на Амдизација на Ромите на политичката сцена во Македонија." На почетокот од емисијата водителот Чомовски го цитираше Вехрен Муратов: „Денеска не е осми април денот на Ромите, меѓутоа денеска е ден кој одбележува речиси три недели пред стартот на гласањето за следните избори". Потоа следи нов цитат од една колумна: „Ромите се Роми еден ден, останатите 364 дена во годината се цигани, чергари, ѓупци." Водителот потенцира дека уредно, двапати во последните три дена го поканил претседателот на Сојузот на ромите Амди Бајрам, но поканата била одбиена поради самопромоцијата на Самка Ибраимовски и поради тоа што ќе требал да седне на истата маса со лидерот на ПЦЕР. Чомовски потенцира дека неговиот недостоинствен одговор во главно бил навредлив на сметка на Самка Ибраимовски. Гости беа: Самка Ибраимовски, претседател на ПЦЕР; м-р Исмаил Камбери, истражувач во Институтот за европска политика; Сејдо Јашаров, наставник по македонски и ромски јазик и Неда Чаловска, Хелсиншки комитет. Репризното издание беше на преодот помеѓу 2 и 3 ноември 2016 година.

На 3 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 20 минути, се емитуваше премиерно издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА" со водителката Оливера Трајковска. Гости беа: Мухамед Зекири, СДСМ;

Кастриот Реџепи, Беса и Имер Селмани, поранешен претседател на партијата Нова демократија, поранешен министер за здравство и вицепремиер. Водителката нагласува дека била упатена покана и до ДУИ, меѓутоа се откажале од учество во дебатата затоа што инсистирале на превод на албански јазик во текот на целата емисија. Темата беше: Албанските гласови и партиите со етнички предзнак на изборите. Репризата беше на преодот помеѓу 3 и 4 ноември 2016 година.

На 4 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 15 минути, емитувано е премиерно издание на „ТОП ТЕМА" со водителот Боби Христов. Гости беа: Зоран Караџовски, претседател на Судскиот совет; Гордана Дувњак, новинар и поранешните судии Јордан Митриновски и Маргарита Цаца Николовска. На најавната шпица од оваа емисија, темите беа претставени преку следниве прашања: Се случи и првиот преседан – судија тужи судија. Дали судиите се недопирливи од правото и правдата?; Европско законодавство, наспроти македонска пракса, кој и како строи поединци од правосудството на послушност или отстрел? На крајот од емисијата реализирано е интервју со Игор Александров, претседател на здружението на македонските заедници од Австралија. Главната тема на која се разговараше беше: „Зошто нема интерес меѓу македонската дијаспора за пријавување за гласањето за претстојните вонредни парламентарни избори." Реприза се емитуваше на 5 ноември 2016 година.

На 7 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 16 минути, премиерното издание на емисијата „ТОП ТЕМА" со водителот Александар Чомовски е реализирано како интервју. Гостин беше Љубе Бошковски, претседател на Обединети за Македонија. Темите беа претставени преку следниве прашања: Љубе Бошковски, политичка кариера на еден Врмровец; Од патриот и бранител до Хашки затвореник и осомничен за убиство и грчки платеник; Брат Љубе дочекан како јунак од Груевски но и брутално апсен од Мијалков; Бошковски се враќа со триумвиратот на ВМРО Македонија, дали за него Врмовскиот врв и натаму е банда криминална, има ли во него политичка пизма кон довчерашните соборци; Љубе Бошковски, мит или тројански коњ во спасувањето на Груевски; Прво интервју на брат Љубе по излегувањето на слобода. Дел од одговорите на гостинот: „Јавноста ќе биде шокирана кога ќе ја дознае целата вистина за случајот „Кампања" и за моето апсење."; „Мојата совест е чиста, сега некој друг има немирен сон. Дојде време прогонителите да бидат прогонети."; „Не можеме и не смееме. Ние можеме да ја вратиме надежта кај членството на ВМРО ДПМНЕ, да покажеме дека во ВМРО ДПМНЕ може да се врати демократијата и да се вратиме на основните начела, начелата на кои е формирано, а тоа се функционирање на слободите, човековите права и единството помеѓу граѓаните, односно обединување за заедничка иднина на РМ, она што денес е ставено во втор план." Репризното издание беше на преодот помеѓу 7 и 8 ноември 2016 година.

Во премиерното издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА" со водителот Александар Чомовски, емитувано на 8 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 23 минути, гости беа: Мирче Адамчевски, новинар; Мишо Докмановиќ, професор на Правниот факултет и аналитичарите Даниел Стојановски и Парум Марку. Преку скајп врска се вклучуваше и дописникот од Америка Марија Дивитарова Савановиќ која ги следеше изборите во САД. Темите за дебата беа: Клинтон или Трамп, Америка е на нозе, светот е на штрек, Русија во исчекување, берзите со благи потреси; Почна првото гласање во поларните села, во раните утрински часови ќе се знае идниот лидер на светската заедница; Ќе се продлабочи ли студената војна, дали Европа ќе биде колатерална штета на стратегиските поместувања кон исток, колку Балканот се оддалечува од интересот на американските стратези; САД и Македонија, зошто Груевски не стигна до Клинтон. Репризното издание беше на преодот помеѓу 8 и 9 ноември 2016 година.

На 9 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 18 минути, се емитуваше премиерно издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА" со водителот Боби Христов. Темата на која се дебатираше беше околу претседателските избори во Америка и победата на републиканецот Доналд Трамп. Гости беа: Никола Димитров, поранешен амбасадор на Република Македонија во САД; Андреја Стојковски, Македонски центар за европско образование; Сашо Клековски, аналитичар. Имаше и репортерско јавување на Марија Дивитарова Савановиќ која ги следеше изборите во САД. Беше направено и мини интервју со амбасадорот на САД во Македонија Џес Бејли. Мал дел на крајот од емисијата е реализиран со новинарот Јане Бојаџиевски во студиото на Гласот на Америка во Вашингтон каде гости беа Васко Наумовски, амбасадор на

РМ во САД и Мето Коловски, Обединета Македонска Дијаспора. Репризното издание беше на 10 ноември 2016 година.

На 10 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 18 минути, емитувано е премиерното издание на емисијата „ТОП ТЕМА" со водителката Оливера Трајковска. Гости беа: Бојан Маричич, извршен директор на Македонскиот центар за европско образование; Уранија Пировска, извршна директорка на Хелсиншки комитет и Ана Петрушева, новинарка на Берн и Призма. Водителката ја најави темата на следниов начин: „Презентацијата на извештајот за напредокот на Македонија на Европската комисија во седиштето во Скопје на евроамбасадорот Жбогар, збирно може да се претстави како извештајот е мрачен како и состојбите во земјата, но тоа не е никаква новина, извештајот минатата година ги содржеше сличните одредници, тој исто така доби условена препорака која што требаше да биде одмрзната по изборите на 24 април. Со оглед на тоа што целата година беше посветена во натегање ќе има или не избори кој треба да откочат дел од процесите, обврските од тој извештај кои беа адресирани како спроведете ги итните реформски приоритети и обврските од Прибе и преостанатите обврски од договорот од Пржино, препораката ќе биде одмрзната. Ништо од тоа не се случи. Оваа година Европската комисија е во нова авантура да пронајде на својот радар некаква нова алка и да се задржи во некаква комуникација со властите во Скопје. Повторно условена препорака, но овојпат редоследот е малку поинаков, велат прво фер и демократски избори, а потоа кредибилна влада која ќе може да се посвети на истото. Итни реформски приоритети и спроведување на останатите обврски од Пржинскиот договор. Се разбира во овој извештај има и малку посилни квалификации од тие што ги видовме минатата година, но сумарно тој се задржува во истата претстава за Македонија..."

**КОД- Клуч на вистината**

На 1 ноември 2016 година, со почеток во 14 часот и 43 минути, емитувано е постаро издание од 2011 година на емисијата „КОД – Клуч на вистината" со Снежана Лупевска. Темите беа: КОД ги соочува сториите на жртвата и напаѓачот – Давениот наспроти давителот. Снимката што го обиколи светот ја распламти војната во Југославија. КОД истражува од чиј куршум загина војникот Сашко Гешовски? Офицер ли му пукаше од зад грб? Го застрела ли хрватски полицаец или загина од рафал на демонстрантите?

***Сектор за програмски работи***